ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 204/11

Дата: 03.10.2013

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство на Република Македонија, сметка на буџет за самофинансирачки активности 787 (во понатамошниот текст- Министерството) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на министерството за 2009 година и изразено е позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеност со закони и прописи за 2009 година.
Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и мислење без резерва во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Министерството за здравство склучило договор за купопродажба на систем за електронски здравствени картички кој до денот на вршење на ревизијата не е евидентиран во сметководството и финансиските извештаи на Министерството и за истата не се пресметува амортизација.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.*____________________
*2.*____________________ ______________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 9 и 10) заедно со ревизија на усогласеност на Министерството, сметка на буџет за самофинансирачки активности 787 за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на министерството за 2009 година и изразено е позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Никола Тодоров, министер за здравство во 2012 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на министерство се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

**2.4.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 20.06.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

Во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2009 година за оваа сметка не се констатирани неправилности.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 24.06.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Состојбата за функционирање на интерните контроли во Министерството е образложена во Извештајот за сметката на Основниот буџет 637 -10.

4.1.2. Со цел имплементација на проектот за управување со здравствениот сектор изготвени се Национална стратегија за развој на информатичко општество, Акционен план на Република Македонија и Стратегија за развој на македонски интегриран здравствен информатички систем. Со овие документи се дефинираат целите на развојот и дигитализацијата на интегрален здравствен информатички систем и тоа:

- поддршка во ефикасното обезбедување на здравствена услуга на пациентите;
- обезбедување на податоци за други здравствени сегменти;
- намалување на трошоците (време и ресурси) и;
- обезбедување на информации за експертски, научни, административни и финансиски цели во здравството.

Ревизијата смета за потребно да укаже дека горенаведените документи не се ажурирани, а исто така не е изготвена методологија за развој на системи. Неажурирањето на ИТ стратегија, согласно актуелните состојби оневозможува правилно управување со ИТ ресурсите во линија со приоритетите за развој на здравството, несогледување на ИТ можностите, недостатоците, идентификување на потребните капацитети и човечките ресурси. Воедно, отсуството на ажурирана ИТ стратегија и методологија за развој на системи односно развивање на систем без адекватна формална методологија ги зголемува следните категории на ризик:

- бизнис барањата да не бидат адекватно решени;
- може да дојде до проблем со ефикасноста;
- развојот на ваков систем да не биде во согласност со ИТ стратегијата;
- целиот развоен проект да не биде успешен.

**Препорака**

Одговорното лице да ги превземе потребните активности за редовно ажурирање на стратегијата за развојот на информациониот систем во здравството и да изготви методологија за развој на системи.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Министерството за здравство склучило Договор[1] за купопродажба на систем за електронски здравствени картички во вкупен износ од 7.471 илјада евра. Со последниот анекс кон склучениот договор[2] вредноста на целокупната набавка се намалила на 6.554 илјади евра. Согласно склучениот договор и спецификација на програмската опрема, во мај 2010 година извршено е примопредавање на хардверска опрема и софтвер со лиценци за користење на системот. Од приложената документација која се однесува на примопредавањето ревизијата утврди дека е извршен квалитативен и квантитативен прием на опремата, а документацијата не содржи вредносни показатели за истата. До денот на вршење на ревизијата опремата не е евидентирана во сметководството и финансиските извештаи на Министерството и за истата не се пресметува амортизација. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што предизвикува неможност од усогласување и потврдување на сметководствената со фактичката состојба на средствата, како и нереално прикажување на истите во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице да формира комисија која ќе биде задолжена да ја утврди вредноста на хардверска опрема и софтверот со лиценци за користење на системот, истата да се евидентира во сметководствената евиденција на Министерството и да се пресмета амортизација започнувајќи од денот на ставање во употреба.

4.2.2. Со увид во Билансот на состојба и сметководствената евиденција на позицијата Материјалните средства во подготовка констатирано е дека на оваа позиција се евидентирани следните настани кои според содржината не припаѓаат на наведената позиција:

- плаќања за замена на лифтови во неколку јавни здравствени установи во вкупен износ од 10,166 илјади денари

[1] арх. бр. 11-7225/41 од 18.02.2009 година за набавка на 2.300.000 електронски здравствени картички склучен со Агенцијата за комерцијална дејност ДОО Република Хрватска

[2] арх. бр. 27-2411/1 од 13.03.2012 за набавка на 2.000.000 електронски здравствени книшки склучен со фирмата Индициум" формирана како фирма ќерка на Агенцијата за комерцијална дејност ДОО Република Хрватска во Република Македонија.

- плаќања за одржување на системот на електронска здравствена картичка во вкупен износ од 50,000 илјади денари.

Имено, поради несоодветна комуникација и проток на информации и документи помеѓу секторите во Министерството голем дел од документацијата која се генерира од повеќе сектори не се доставува до сметководството, поради што трансакциите не се евидентираат согласно законската регулатива.
Наведеното е спротивно на член 6 од Законот за јавна внатрешна контрола, член 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници како и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, а се должи на неспроведување на голем дел од изготвените процедури.[3]

Во текот на ревизијата до одговорниот сметководител во Министерството беа дадени насоки за коригирање на горенаведените позиции во Билансот на состојба, кои не беа извршени поради обемноста и сложеноста на поткрепувачката документација која требаше да се обезбеди за истите да бидат спроведени.

**Препорака:**

Ревизијата препорачува да се превземат сите неопходни активности за обезбедување на целокупната документација, а по нејзиното обезбедување одговорниот сметководител да ги изврши потребните корективни книжења.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените констатации е нереално прикажани позицијата Материјални средства во подготовка и позицијата пасивни временски разграничувања во износ од 60,166 илјади денари, како и нереално прикажани позициите Материјални и нематеријални средства и Државен капитал за неевидентирана информатичка опрема и софтвер поврзан со електронската здравствена картичка, која ревизијата не можеше да ја квантифицира.

[3] Подготвување и регулирање на процесот за контролирање на влезните фактури како и Подготвување и регулирање на процесот сметководствено работење

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4..2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за здравство на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за здравство во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени.

Скопје, 20.09.2013 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
**Сметка на буџет од самофинансирачки активности**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 223,278 | 0 |
| Трансфери и донации | 303 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **223,581** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и други услуги | 17,386 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **17,386** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 77,378 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **77,378** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **94,764** | **0** |
| **Вишок на приходи над расходи** | **128,817** | **0** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
**Сметка на буџет од самофинансирачки активности**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 128,817 | 0 |
| Побарувања | 6,012 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,528 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 15,409 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **151,766** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 77,378 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **77,378** | **0** |
| **Вкупна актива** | **229,144** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 15,409 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 213,735 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **229,144** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **229,144** | **0** |